| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии<br><br>Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и<br><br>проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерство за финансии<br><br>д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт,<br><br>Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии и<br><br>м-р Ленче Божиноска, раководител на сектор во Министерство за финансии |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот Договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, по скратена постапка

Скопје, јули 2026 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Железничкиот Коридор VIII е европски коридор кој ги поврзува Јадранското и Црното Море. Коридорот VIII во Република Северна Македонија започнува на границата со Република Бугарија, потоа преку Крива Паланка - Бељаковце-Куманово-Скопје-Кичево завршува на границата со Република Албанија и истиот не е целосно изграден. Постоечката делница од Куманово до Бељаковце (фаза 1) е реконструирана со заем од Европската банка за обнова и развој - ЕБОР, додека изградбата на делницата Бељаковце - Крива Паланка (фаза 2) е во тек и се финансира со заем од ЕБОР и ВБИФ инвестициски грант.

За финансирање на третата делница од овој проект од Крива Паланка до граница со Република Бугарија беа обезбедени средства врз основа на Договорот за заем склучен меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој - ЕБОР во износ од 175.000.000 евра, на 13.12.2023 година и Финансискиот договор склучен меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската инвестициска банка - ЕИБ во износ од 175.000.000 евра, на 18.12.2023 година. Понатаму, на 19.12.2023 година е склучен и Договорот за ВБИФ грант во износ од 149,2 милиони евра, меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, и ЕИБ. Исто така, склучен е Проектниот договор меѓу Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје и ЕБОР на 14.12.2023 година.

Со склучените договори, а поради обезбедените ИПА 2 грант средства, предвидено беше тендерската постапка за градба да ја спроведува Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии. Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) при Министерството за финансии дејствува како оперативно тело за склучување договори во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), опфаќајќи ги ИПА I, ИПА II и ИПА III програмски период. ЦФСД е одговорен за спроведување на тендерски постапки, склучување договори, следење на нивната реализација и извршување на плаќања во рамките на децентрализираниот систем за управување со проекти финансирани од Европската Унија во Република Северна Македонија.

Во 2024 година беше објавен меѓународен тендер за изградба на нова железничка делница Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како и тендер за надзор на изградбата. Објавениот тендер за градежни работи беше со вкупна проценета вредност од 452.000.000 евра, при што со истиот беше опфатена железничката делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, вклучително и делот од прекуграничниот тунел кој се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија, додека тендерот за надзор беше со вкупна проценета вредност од 13.000.000 евра.

Во тендерот за градежните работи во 2024 година не беа предвидени сигнално-телекомуникациските системи и електрификацијата, имајќи предвид дека електрификацијата на трите делници и сигнално-телекомуникациските системи за третата делница треба да се спроведат во подоцнежна фаза, по завршување на најголемиот дел од градежните работи.

Согласно заклучоците донесени од Владата на Република Северна Македонија на 40-та седница одржана на 17.12.2024 година, претходно започнатата постапка за избор на изведувач не продолжи, а со тоа се поништи и постапката за надзор.

Со оглед на фактот дека во предвидениот рок не беше склучен договор за градба, ИПА алоцираните средства за овој проект повеќе не се достапни, па оттука и Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии нема повеќе надлежност за спроведување.

Имајќи го предвид горенаведеното, се јави потреба за промена на финансиската и имплементационата структура на проектот, т.е. промена на надлежната институција која ќе биде одговорна за спроведување на тендерската постапка за градба.

Во таа насока, а согласно склучениот Амандман бр.1 на Договорот за ВБИФ грантот на 1.10.2025 година, од ангажираниот консултант финансиран со средства од овој ВБИФ грант беше побарано да се изврши нова ревидирана проценка на вредноста на проектот. Согласно ревидираната проценка на вредноста централната планска вредност на градежните работи, вклучувајќи ги и непредвидените работи, но без прекуграничниот тунел, изнесува околу 482.000.000 евра, додека проценетата вредност на надзорните услуги изнесува 12.990.000 евра, односно приближно 13.000.000 евра.

Владата на Република Северна Македонија на 175-та седница одржана на 26.05.2026 година го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, да подготви и достави допис до Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој со барање банките да достават амандмани на договорите за заем и договорот за грант со кои ќе биде опфатено следното:

• Промена на надлежната институција за тендерирање, имплементација и следење на договорот за градежни работи, односно изземање на Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии од имплементационата структура и уредување на улогата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, како субјект што ќе ги спроведува постапките за набавка и ќе ги склучува договорите за соодветните компоненти на проектот;

• Промена на финансиската структура на проектот во насока на изземање на ИПА алокациите од истата;

• Потврда од страна на Владата дека средствата во износ до 52 милиони евра наменети за компонентите електрификација на трите делници и сигнално-телекомуникациските системи за третата делница, ќе се обезбедат во Буџетот на Министерството за транспорт и ќе бидат предвидени во програмата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, но не пред 2032 година, и тоа во неколку фискални години, а согласно динамиката за реализација на проектот.

Воедно, Владата го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, по усогласување на Амандманите на Договорите за заем и Договорот за грант да ги преземат сите потребни активности за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот коридор VIII фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија и на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Железничкиот коридор VIII

- Источна делница МК, делница Крива Паланка граница меѓу Северна Македонија и Република Бугарија.

Наведениот допис беше доставен до банките на 3.6.2026 година.

Во однос на прекуграничниот тунел, склучен е Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓуграничниот железнички тунел, кој е ратификуван со Законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓуграничниот железнички тунел („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.267/2025 од 30.12.2025 година).

Задржувањето на тунелот во договорениот опфат на проектот не значи и негово вклучување во тендерската постапка за набавка на градежни работи, која ќе ја опфати единствено градбата на делницата од Крива Паланка до западниот портал на меѓуграничниот железнички тунел на територијата на Република Северна Македонија (без изградбата на самиот тунел).

Во таа насока, а согласно заклучоците на Владата од 195-та седница одржана на 21.7.2026 година, на 22.7.2026 година Министерството за транспорт достави известување до ЕИБ и ЕБОР во кое е наведено дека доколку средствата наменети за изградба на половина од прекуграничниот тунел, не се обезбедат со поддршка од бугарската страна од ЕУ во вид на грант средства за заедничко финансирање, Владата на Република Северна Македонија ќе ги обезбеди во Буџетот на Министерството за транспорт и истите ќе бидат предвидени во програмата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, но не пред 2032 година, и тоа во неколку фискални години, а согласно динамиката за реализација на проектот.

Нацрт верзиите на Амандманот на Финансискиот Договор и Амандманот бр.2 на Договорот за ВБИФ грант се доставени од страна на ЕИБ на 21.7.2026 година. Финалниот текст на Амандманот на Финансискиот договор е усогласен на 27.7.2026 година и истиот е даден во прилог на овој материјал. Дополнително, предвидено е склучување на Амандманот бр.2 на Договорот за ВБИФ грант.

Услов за склучување на Амандманот на Финансискиот Договор е донесување на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот Договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 262/2023) и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот Договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со склучување на Амандманот на Финансискиот Договор, а последователно и Амандманот бр.2 на Договорот за ВБИФ грант ќе се изврши промена на финансиската и имплементационата структура на проектот. Оваа промена произлегува од фактот дека финансиски средства кои беа обезбедени преку Инструментот за претпристапна

помош-ИПА на Европската Унија повеќе не се достапни, наместо Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) при Министерството за финансии, проектот ќе го спроведува само Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје. Воедно, ќе се избрише и членот каде е предвидено склучување на трипартитен договор меѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Склучувањето на Амандманот на Финансискиот Договор, согласно Предлогот на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот Договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, не предизвикува дополнителни фискални импликации во периодот од 2026 година до 2029 година опфатен со Образецот за проценка на фискалните импликации. Согласно заклучоците на Владата на Република Северна Македонија од 175-та седница одржана на 26.5.2026 година, со дописот од 3.6.2026 година известени се ЕБОР и ЕИБ дека средствата во износ до 52 милиони евра наменети за компонентите електрификација на трите делници и сигнално-телекомуникациските системи за третата делница, ќе се обезбедат во Буџетот на Министерството за транспорт и ќе бидат предвидени во програмата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, но не пред 2032 година, и тоа во неколку фискални години, а согласно динамиката за реализација на проектот. Дополнително, задржувањето на тунелот во договорениот опфат на проектот не значи и негово вклучување во тендерската постапка за набавка на градежни работи, која ќе ја опфати единствено градбата на делницата од Крива Паланка до западниот портал на меѓуграничниот железнички тунел на територијата на Република Северна Македонија (без изградбата на самиот тунел).

Во таа насока, а согласно заклучоците на Владата од 195-та седница одржана на 21.7.2026 година, на 22.7.2026 година Министерството за транспорт достави известување до ЕИБ и ЕБОР во кое е наведено дека доколку средствата наменети за изградба на половина од прекуграничниот тунел, не се обезбедат со поддршка од бугарската страна од ЕУ во вид на грант средства за заедничко финансирање, Владата на Република Северна Македонија ќе ги обезбеди во Буџетот на Министерството за транспорт и истите ќе бидат предвидени во програмата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, но не пред 2032 година, и тоа во неколку фискални години, а согласно динамиката за реализација на проектот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Склучувањето на Амандманот на Финансискиот Договор согласно Предлогот на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот Договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, не предизвикува дополнителни фискални импликации во периодот од 2026 година до 2029 година опфатен со Образецот за проценка на фискалните импликации.

Согласно заклучоците на Владата на Република Северна Македонија од 175-та седница одржана на 26.5.2026 година, со дописот од 3.6.2026 година известени се ЕБОР и ЕИБ дека средствата во износ до 52 милиони евра наменети за компонентите електрификација на трите делници и сигнално-телекомуникациските системи за третата делница, ќе се обезбедат во Буџетот на Министерството за транспорт и ќе бидат предвидени во програмата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, но не пред 2032 година, и тоа во неколку фискални години, а согласно динамиката за реализација на проектот. Дополнително, задржувањето на тунелот во договорениот опфат на проектот не значи и негово вклучување во тендерската постапка за набавка на градежни работи, која ќе ја опфати единствено градбата на делницата од Крива Паланка до западниот портал на меѓуграничниот железнички тунел на територијата на Република Северна Македонија (без изградбата на самиот тунел).

Во таа насока, а согласно заклучоците на Владата од 195-та седница одржана на 21.7.2026 година, на 22.7.2026 година Министерството за транспорт достави известување до ЕИБ и ЕБОР во кое е наведено дека доколку средствата наменети за изградба на половина од прекуграничниот тунел, не се обезбедат со поддршка од бугарската страна од ЕУ во вид на грант средства за заедничко финансирање, Владата на Република Северна Македонија ќе ги обезбеди во Буџетот на Министерството за транспорт и истите ќе бидат предвидени во програмата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, но не пред 2032 година, и тоа во неколку фискални години, а согласно динамиката за реализација на проектот.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот Договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ КОРИДОР VIII - ИСТОЧНА ДЕЛНИЦА МК, ДЕЛНИЦА КРИВА ПАЛАНКА - ГРАНИЦА МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И БУГАРИЈА

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот Договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 262/23), во членот 1 зборовите „кој делумно се финансира и преку Инструментот за претпристапна помош-ИПА на Европската Унија“ се бришат.

Член 2

Во членот 4 зборовите „имплементираат Министерството за финансии – Секторот за централно финансирање и склучување на договори и“ се заменуваат со зборот „имплементира“.

Член 3

Членот 6 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ КОРИДОР VIII - ИСТОЧНА ДЕЛНИЦА МК, ДЕЛНИЦА КРИВА ПАЛАНКА - ГРАНИЦА МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И БУГАРИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со член 1 се бришат зборовите „кој делумно се финансира и преку Инструментот за претпристапна помош-ИПА на Европската Унија“. Оваа измена се прави од причина што ИПА алоцираните средства кои беа обезбедени за овој проект повеќе не се достапни.

Со членот 2 се врши измена, односно зборовите „имплементираат Министерството за финансии – Секторот за централно финансирање и склучување на договори и“ се заменуваат со зборот „имплементира”. Ова од причина што со самото тоа што ИПА алокациите повеќе не се достапни потребно е да се промени да се смени надлежната институција која ќе биде одговорна за спроведување на тендерската постапка за градба.

Со членот 3 се брише членот 6. Имено во членот 6 беше наведено дека “За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 2 од овој закон и од Проектниот договор од членот 5 од овој закон, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, ќе склучат посебен договор”. Имајќи предвид дека Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии повеќе не е дел од имплементационата структура на проектот, нема потреба од склучување на ваков договор.

Со член 4 од предложениот закон се уредува влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се направени од потребата да се смени имплементационата структура на проектот кои произлегуваат од промената на финансиската структура бидејќи ИПА алоцираните средства кои беа обезбедени за овој проект повеќе не се достапни.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Склучувањето на Амандманот на Финансискиот Договор, а последователно и Амандманот бр.2 на Договорот за ВБИФ грант ќе овозможи промена на финансиската и имплементационата структура на проектот. Со тоа ќе се создадат услови за спроведување на тендерските постапки за избор на изведувач и надзор за градба.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ КОРИДОР VIII - ИСТОЧНА ДЕЛНИЦА МК, ДЕЛНИЦА КРИВА ПАЛАНКА - ГРАНИЦА МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И БУГАРИЈА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со заем во износ од 175.000.000 евра, наменет за финансирање на проектот Железнички Коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, кој делумно се финансира и преку Инструментот за претпристапна помош-ИПА на Европската Унија.

Член 4

Проектот од членот 1 од овој закон ќе го имплементираат Министерството за финансии – Секторот за централно финансирање и склучување на договори и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 2 од овој закон и од Договорот за имплементација на проектот од членот 5 од овој закон, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје ќе склучат посебен договор.